Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-732/4
05-12-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 732/1 од 10.10.2023 година, поднесена од [redacted] - Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија“ бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-732/1 од 10.10.2023 година, поднесена од [redacted] - Скопје **поради неуредност.**

О б р а з л о ж е н и е

[redacted] - Скопје со седиште на адреса [redacted] Скопје, на 10.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави претставка заведена под бр. 08-732/1. Наведената претставка е поднесена против лицето [redacted] како потенцијален дискриминатор, со наводи во истата дека именуваниот давал вознемирувачки коментари на објавена текстуална содржина на социјалната мрежа „FACEBOOK“ со што сторил вознемирување и поттикнување на дискриминација врз основа на пол и род.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не содржеше податоци за контакт на физичкото лице против кого се поднесува претставката, Комисијата согласно член 24 став 2 од истиот Закон, на 13.10.2023 година до подносителот достави барање бр. 08-732/2 за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето, да ја доуреди претставката, со тоа што ќе наведе податоци за контакт на потенцијалниот дискриминатор, односно физичкото лице кое објавувало вознемирувачки коментари.

Подносителот на 19.10.2023 година до Комисијата достави Одговор бр. 08-732/3, без притоа да постапи по барањето на Комисијата и да ја доуреди претставката преку обезбедување на задолжителните податоци за лицето против кое се поднесува истата.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски